ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС
СТ.бр.79/11
18.10.2011 год.
В Е Л Е С

# О Г Л А С

Со решение СТ бр.79/11 од 18.10.2011 год. на Основен суд Велес **СЕ ПОВЕДУВА ПРЕТХОДНА ПОСТАПКА за испитување на услови за отворање на стечајна постапка над должникот** Друштво за производство, трговија и услуги Цреша Комерц Ѓоре ДООЕЛ увоз-извоз с.Рожден Кавадарци, со трансакциска сметка бр.200000010969722 во Стопанска банка АД Скопје, со единствен матичен број на субјектот 4390768, со единствен даночен број 4011992110453, со приоритетна дејност-01.50, мешовито фармерство.

Се закажува рочиште поради изјаснување по предлогот за отварање на стечајна постапка на ден 09.11.2011 год во 14,00 часот во судница бр.3 на овој суд.

**ЗА ПРИВРЕМЕН СТЕЧАЕН УПРАВНИК СЕ ОПРЕДЕЛУВА** лицето Петрулева Весела од Велес ул Благој Ѓорев бр 104 А/18 со моб.тел. 070 / 375-002.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** привремениот стечаен управник да изготви писмен извештај по извршен увид во деловната и книговодствената евиденција на должникот и да утврди дали должникот има движен и недвижен имот, неизмирени обврски спрема доверители, обврски по основ на плата и придонеси од плата, состојба по однос на платени даноци и придонеси, побарување од купувачи, стоки на залиха опрема и инвентар, состојбата на средствата на сметката на должникот дали истата е блокирана, доколку е блокирана основот и висината на блокадата и дали должникот е неспособен за плаќање.

Против ова решение не е дозволена жалба.

Од Основен суд Велес.

Стечаен судија

Валентина Петровска